РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-2323/1
11.05.2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/24), Градоначалникот на Општина Велес, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за условите и критериумите за доделување награди за најдобар наставник по одделенска и предметна настава од општинските основни училишта, најдобар наставник во средните училишта во Општина Велес, најдобар ученик од општинските основни училишта и најдобар ученик од средните училишта во Општина Велес**

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за еден најдобар наставник во одделенска и еден во предметна настава од општинските основни училишта, еден најдобар наставник во средните училишта во Општина Велес, еден најдобар ученик од општинските основни училишта и еден најдобар ученик од средните училишта во Општина Велес.

Член 2

Средствата за доделување награди од овој Правилник се предвидуваат во Буџетот на Општина Велес во Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието.

Член 3

Наградите ќе бидат доделени на еден најдобар наставник во одделенска и еден во предметна настава од општинските основни училишта, еден најдобар наставник во средните училишта во Општина Велес, еден најдобар ученик од општинските основни училишта и еден најдобар ученик во средните училишта во Општина Велес, согласно условите и критериумите утврдени со овој Правилник.

Висината на наградата е определена во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за секоја тековна година.

Член 4

Право на учество имаат:

- Наставници кои се вработени во воспитно – образовна установа на територија на Општина Велес верифицирана со акт од Министеството за образование и наука;
- Наставници кои имаат засновано работен однос на неопределено работно време во воспитно- образовна институција и имаат најмалку 5 години работно искуство.
- Наставници кои не се орган на раководење во воспитно-образовна установа во моментот на аплицирање;
- Наставници кои не се наградувани последните 5 години.

Член 5

Кандидатите за доделување награди за најдобар наставник по одделенска и предметна настава од основните и средните училишта на територија на Општина Велес треба да ги исполнат следните критериуми за да бидат предложени за доделување парична награда:

1. <u>Да имаат доставено мислење од директорот и Наставничкиот совет на училиштето по однос на:</u>

- Планирање, реализирање и организирање на наставата (Годишно тематско планирање, дневно планирање, уредно пополнет дневник, уредно водење на е-дневник, навремено внесување на оцени, додатна и дополнителна настава)..........................................1 поен

- Да применуваат иновативни наставни методи, форми и техники ...........................1 поен

- За својата работа добива признание од учениците, колегите, родителите и целата заедница...............................................................................................................1 поен

- Да ги подготвуваат учениците да станат активни и одговорни граѓани..................1 поен

- Да споделува наставни материјали со колегите (тимско работење), соработка и работа со наставници, родители, со заедницата ....................................................................... 1 поен

-Учество во подобрување на училишната структура, организација на работата и училишната клима, креира развојни политики во училиштето..................................1 поен

- Изработка и примена на нагледни средства (прилог фотографии) .........................1 поен

-Користи современи средства за комуникација за образовни цели (е – пошта, социјални мрежи, блогови и сл.) ..........................................................................................1 поен

-Учество во училишни инклузивни тимови..................................................................1 поен

-Учествува во работата на стручните активи (отворен час, презентација)…...............................................................................................................1 поен

- Промовирање на училиштето (медиуми, фестивали, настани организирани од општината, со доказ фотографии) ..............................................................................................1 поен

-Споделување добри наставни практики во списанија и групи за просветни работници (доказ фотографии).......................................................................................................1 поен

2. Да имаат добиено потврди за менторство на ученици на општински, регионални, државни натпревари, акредитирани од Министерство за образование и наука и меѓународен натпревар за предмети согласно наставните планови и програми за воспитно образовна дејност во основното и средното образование, како и индивидуални награди за период од 1 мај изминатата година до 30 април тековната година. Учеството на меѓународен натпревар се докажува со потврда дека на истото учествувале ученици од најмалку 10 држави.

Се бодира на следниот начин:

Прво место/награда на општински натпревар ..........................................3 поени
Второ место/награда на општински натпревар ..........................................2 поени
Трето место/награда на општински натпревар..........................................1 поен

Прво место/награда на регионален натпревар ..........................................6 поени
Второ место/награда на регионален натпревар ..........................................5 поени
Трето место/награда на регионален натпревар ..........................................4 поени

Прво место/награда на државен натпревар .......................................... 9 поени
Второ место/награда на државен натпревар ..........................................8 поени
Трето место/награда на државен натпревар ..........................................7 поени

Прво место/награда на меѓународен натпревар ..........................................12 поени
Второ место/награда на меѓународен натпревар ..........................................11 поени
Трето место/награда на меѓународен натпревар ..........................................10 поени

3. Сертификати, диплома или уверение за учество во реализација на проекти добиени во периодот од 1 мај изминатата година до 30 април тековната година.

Координатор на проект .......................................... 2 поени
Дисеминација на семинари и обуки..........................................2 поени
Учество на семинари и обуки .......................................... 1 поен
Член на тим за проекти.......................................... 1 поен

4. Награда на литературни или ликовни конкурси (доказ–дипломи, признанија, пофалници, благодарници) организирани во држава ..........................................1 поен
5. Награда на меѓународни литературни или ликовни конкурси (доказ –дипломи, признанија, пофалници, благодарници).......................................... 2 поена

Член 6

Кандидатите за доделување награди за најдобар ученик од основни училишта и најдобар ученик средните училишта во Општина Велес треба да ги исполнат следните критериуми за да бидат предложени за доделување парична награда:

1. Освоено прво, второ, трето место на натпревари од областа на науката, културата, уметноста кои се акредитирани од соодветни установи и институции, добиени во период од 1 мај изминатата година до 30 април тековната учебна

година на општинско, регионално, државно или меѓународно ниво. Учеството на меѓународен натпревар се докажува со потврда дека на истото учествувале ученици од најмалку 10 држави.

<u>Се бодира на следниот начин:</u>

Прво место/награда на општински натпревар ...........................................................................................................3 поени

Второ место/награда на општински натпревар ...................................................2 поени

Трето место/награда на општински натпревар.................................................. 1 поен

Прво место/награда на регионален натпревар ...................................................6 поени

Второ место/награда на регионален натпревар ..................................................5 поени

Трето место/награда на регионален натпревар ..................................................4 поени

Прво место/награда на државен натпревар ........................................................9 поени

Второ место/награда на државен натпревар .......................................................8 поени

Трето место/награда на државен натпревар .......................................................7 поени

Прво место/награда на меѓународен натпревар ...........................................................................................................12 поени

Второ место/награда на меѓународен натпревар ...........................................................................................................11 поени

Трето место/награда на меѓународен натпревар ...........................................................................................................10 поени

2. Учество во настани за промовирање на училиштето, тим за работата во училиштето (еко тим, ученичка заедница, тим за уредување...) ....................1 поен
3. Сертификати, диплома или уверение за учество во реализација на проекти..........................2 поени
4. Награда на литературни или ликовни конкурси (доказ–дипломи, признанија, пофалници, благодарници) организирани во државата ................................1 поен

5. Награда на меѓународни литературни или ликовни конкурси (доказ– дипломи, признанија, пофалници, благодарници) организирани во државата ............................................................................................................. 2 поена

Член 7

Кандидатите- ученици задолжително треба да ги исполнуваат следните услови и за нив да се достави следната документација:

- Потврда дека е редовен ученик во воспитно-образовна установа на територија на општина Велес верифицирана со акт од Министерството за образование и наука.

- Мислење од одделенски/класен раководител.

- Мислење од наставник со којштo ги постигна резултати.

- Мислење од Наставнички совет

- Фотокопија од дипломи, сертификати, уверенија, признанија, потврди за остварени резултати (поединечно по натпревар)

- Копија од трансакциска сметка на ученикот или родителот/старателот

- Изјава за користење на лични податоци потпишана со цело име и презиме од родител/старател на ученикот.

Член 8

Поради вршење на бодовна евалуација, кандидатите задолжително да доставaт копија од дипломите за освоени места на меѓународни, државни, регионални и општински натпревари.

Постигнатите резултати се однесуваат на периодот од 1 мај изминатата година до 30 април тековната учебна година.

Член 9

Кандидатите ги предлагаат основните, односно средните училишта на територија на Општина Велес. Бројот на кандидати е по следниот редослед:

- Училишта до 500 ученици можат да доставaт најмногу по 1 (еден) предлог за наставник и 1 (еден) предлог за ученик.
- Училишта од 501 до и над 1000 ученици можат да доставaт најмногу 2 (два) предлога за наставник и 2 (два) предлога за ученик.

Член 10

За изборот на најдобар наставник и ученик ќе одлучуваат комисии составени од 1 (еден) член од редот на наставници кои во претходната година биле прогласени за најдобри и 2 (двајца) членови од општинската администрација од Општина Велес:

- Комисија за избор на најдобар наставник по одделенска настава од општинските основни училишта во Општина Велес;

- Комисија за избор на најдобар наставник по предметна настава од општинските основни училишта во Општина Велес;
- Комисија за избор на најдобар наставник од средните училишта во Општина Велес;
- Комисија за избор на најдобар ученик од општинските основни училишта во Општина Велес
- Комисија за избор на најдобар ученик од средните училишта од Општина Велес

Доколку некој од добитниците на признанието од претходната учебна година е спречен да учествува во работата на Комисијата, тогаш за член се номинира добитник од претходните учебни години.

Комисиите се формираат со Решение од Градоначалникот.

Комисијата некомплетните и ненавремни предлози не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите предлози утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Член 11

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата донесува Решенија за:

- доделување награда за најдобар наставник по одделенска настава од општинските основни училишта во Општина Велес
- доделување награда за најдобар наставник по предметна настава од општинските основни училишта во Општина Велес
- доделување награда за најдобар наставник од средните училишта во Општина Велес
- доделување награда за најдобар ученик во општинските основни училишта
- доделување награда за најдобар ученик од средните училишта во Општина Велес.

Член 12

Признанијата ќе се доделуваат на свеченост организирана од Општина Велес, во чест на 24 Мај - Денот на сесловенските просветители.

Член 13

Предлозите на наставници и учениците со потребната документација училиштата треба да ги достават лично во архивата на Општина Велес со назнака за која комисија се, најдоцна до 15 мај во тековната година.

Член 14

Овој Правилник стапува на сила со денот на потпишување.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев